РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N., 6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk, info@struga.gov.mk

ТЕКСТ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК >>>
АЖУРИРАН ТЕКСТ >>>

TEKST NË GJUHËN SHQIPE >>>
TEKST I AZHORNUAR >>>

ЗАКОН ЗА ЗАНАЕТЧИСТВО

("Службен весник на Република Македонија" бр.215/2015, 215/2021)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за вршењето на занаетчиска дејност и за издавање на занаетчиската дозвола, водење на Занаетчиски регистар, организирање на чирачката работа, како и организирање и финансирање на коморски систем.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој закон, го имаат следново значење:

1. „Занаетчија" е физичко лице кое врши занаетчиска дејност и е запишан во Занаетчиски регистар;
2. „Вршител на занаетчиска дејност" е занаетчија, трговец поединец друштво со ограничено одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице кое врши занаетчиска дејност;
3. „Занаетчиски регистар" е јавна книга која претставува база на податоци на сите запишани вршители на занаетчиска дејност кој го води Занаетчиската комората на Република Македонија;
4. „Занаетчиска комора" е регионална занаетчиска комора, општинска занаетчиска комора и Занаетчиска комора Скопје кои вршат јавни овластувања согласно со овој закон;
5. „Занаетчиска дозвола" е јавна исправа која се издава на вршителот на занаетчиска дејност врз основа на соодветна стручно оспособување или стручно образование за дејноста;
6. „Регистратор" е овластено лице кое врши уписи во Занаетчискиот регистар според постапка утврдена со овој закон;

LIGJ PËR ZEJTARI

("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.215/2015, 215/2021

I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kushtet për kryerjen e veprimtarisë zejtare dhe për lëshimin e lejes për zejtar, mbajtja e Regjistrit të zejtarëve, organizimi i punës të çirakut, si dhe organizimi dhe financimi i sistemit të odave.

Neni 2

Shprehje të caktuara të përdorura në këtë ligj, e kanë domethënien si vijon:

1. "Zejtar" është person fizik i cili kryen punë zejtare dhe është i regjistruar në Regjistrin e zejtarëve;
2. "Kryerës i veprimtarisë zejtare" është zejtar, tregtar individ shoqëri me përgjegjësi të kufizuar dhe shoqëri me përgjegjësi të kufizuar e themeluar nga një person, që kryen veprimtari zejtare;
3. "Regjistër i zejtarëve" është libër publik i cili paraqet bazën e të dhënave për të gjithë kryerësit e veprimtarisë zejtare të regjistruar të cilin e mban Oda e Zejtarëve të Republikës së Maqedonisë;
4. "Oda e Zejtarëve" është oda rajonale e zejtarëve , oda komunale e zejtarëve dhe Oda e Zejtarëve Shkup të cilat kryejnë autorizime publike në pajtim me ligjin;

5. "Leje për zejtar" është dokument publik i cili i lëshohet kryerësit të veprimtarisë zejtare në bazë të aftësimit profesional përkatës ose arsimit profesional për veprimtarinë;
6. "Regjistrues" është person i autorizuar i cili kryen regjistrimet në Regjistrin e Zejtarëve sipas procedurës të përcaktuar me këtë ligj;

7. „Јавно овластување“ е овластување кое се доделува на занаетчиската комора согласно со овој закон за издавање на следниве акти:

- решение за упис во Занаетчискиот регистар,
- решение за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар,
- занаетчиска дозвола, - решение за упис на промена,
- решение за привремено запирање на вршење на дејноста,
- решение за одјавување на дејноста и
- решение за времено вршење на занаетчиска дејност.

8. „Занаетчиска дејност“е занаетчиско производство, занаетчиски услуги и дејност на домашно и уметничко занаетчиство;
9. „Занаетчиско производство“ е изработка и производство на производи претежно по нарачки, во мали серии, кое нема карактеристики на индустриско производство;
10. „Занаетчиски услуги“ се поправки и одржување на производите, уредите и објектите, како и вршење на лични услуги;
11. „Дејност на домашно и уметничко занаетчиство“ е дејност за која е карактеристичен едноставен начин на работа со главно рачна работа, уметничко и дизајнерско создавање и
12. „Едношалтерскиот систем“ е систем кој овозможува прием, обработка, дистрибуција на податоци и документи потребни за вршење на занаетчиска дејност.

7. “Autorizim publik” është autorizim i cili i ndahet odës së zejtarëve në pajtim me këtë ligj për lëshimin e akteve si vijon:

- aktvendim për regjistrim në Regjistrin e zejtarëve,
- aktvendim për refuzimin e kërkesës për regjistrim në Regjistrin e zejtarëve,
- leje për zejtar,
- aktvendim për regjistrimin e ndryshimit,
- aktvendim për ndërprerjen e përkohshme të kryerjes së veprimtarisë,
- aktvendim për çlajmërimin e veprimtarisë dhe
- aktvendim për kryerjen e përkohshme të veprimtarisë zejtare;

8. “Veprimtari zejtare” është prodhim zejtar, shërbime zejtare dhe veprimtari e zejtarisë vendase dhe artistike;

9. “Prodhim zejtar” është përpunimi dhe prodhimi i produkteve kryesisht me porosi, në seri të vogla, i cili nuk ka karakteristika të prodhimit industrial;

10. “Shërbime zejtare” janë ndreqje dhe mirëmbajtje e prodhimeve, pajisjeve dhe objekteve, si dhe kryerja e shërbimeve personale;
11. “Veprimtari të zejtarisë vendase dhe artistike” është veprimtari për të cilën është karakteristik mënyra e thjeshtë e punës kryesisht me punë dore, artistike dhe krijim të disenjatorit dhe
12. “Sistem njësportel” është sistem i cili mundëson pranim, përpunim, shpërndarje të të dhënave dhe dokumenteve të nevojshme për kryerjen e veprimtarisë zejtare.

Член 3

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и Законот за Државен пазарен инспекторат, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Neni 3

Në procedurën gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese do të zbatohen dispozitat e Ligjit për mbikëqyrje inspektuese dhe Ligjit për inspektoratin shtetëror të tregut, nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

II. ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

Услови

Член 4

Занаетчиска дејност е производна или услужна профитна дејност за која важат следниве карактеристики:

II. KRYERJA E VEPRIMTARISË

Kushte

Neni 4

Veprimtaria zejtare është veprimtari prodhuese ose shërbyese për të cilën vlejnë karakteristikat në vijim:

- производство или услуги врз основа на индивидуални нарачки,
- производство во мали серии каде сериското производство не е претежен дел од дејноста и
- се врши со користење на машини, алат и технички уреди соодветни за дејноста согласно со претходната алинеја и немаат особина на автоматизиран работен процес.

Член 5

Надлежен регистар за упис на занаетчија е Занаетчиски регистар кој го води Занаетчиската комора на Република Македонија електронски како централен регистар и занаетчиската комора како основно регистрациско тело.

Надлежен регистар за упис на трговец поединец, друштво со ограничено одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице е трговскиот регистар кој го води Централниот регистар.

Член 6

Советот на општината, односно Советот на град Скопје, го определува работното време на занаетчиските дејности во зависност од месните обичаи и потреби.

Член 7

Занаетчијата одговара за своите обврски со целиот свој имот.

Член 8

Вршителот на занаетчиска дејност согласно со овој закон може да врши:

- една или повеќе сродни занаетчиски дејности и
- продажба на своите производи.

Вршителот на занаетчиска дејност може при вршењето на дејноста да врши продажба и на други производи кои служат на неговиот производ или услуга.

Вршителот на занаетчиска дејност може своите производи да ги продава во просториите во кои ја врши дејноста или на места определени за таа намена од Советот на општината или Советот на градот Скопје.

III. ЗАНАЕТЧИСКИ РЕГИСТАР

Член 9

Занаетчискиот регистар е единствен регистар на територија на Република Македонија.

- prodhim ose shërbime në bazë të porosive individuale:
- prodhim në seri të vogla ku prodhimi serik nuk është pjesë dërrmuese e veprimtarisë dhe
- kryhet me shfrytëzimin e makinave, veglave dhe pajisjeve teknike adekuate për veprimtarinë në pajtim me alinenë paraprake dhe nuk kanë veçori të procesit të automatizuar të punës.

Neni 5

Regjistër kompetent për regjistrimin e zejtarit është Regjistri i zejtarëve të cilin e mban Oda e Zejtarëve të Republikës së Maqedonisë në mënyrë elektronike si regjistër qendror dhe oda e zejtarëve si trup themelor regjistrues.

Regjistrin qendror për regjistrimin e tregtarit individ, shoqërisë me përgjegjësi të kufizuar dhe shoqërisë me përgjegjësi të kufizuar e themeluar nga një person është regjistri tregtar të cilin e mban Regjistri Qendror.

Neni 6

Këshilli i komunës, respektivisht Këshilli i qytetit të Shkupit, e përcakton orarin e punës së veprimtarive zejtare varësisht nga traditat e vendit dhe nevojat.

Neni 7

Zejtari përgjigjet për obligimet e veta me tërë pronën e vet.

Neni 8

Kryerësi i veprimtarisë zejtare në pajtim me këtë ligj mund të kryejë:

- një ose më shumë veprimtari të ngjashme zejtare dhe
- shitjen e prodhimeve të veta.

Kryerësi i veprimtarisë zejtare mundet gjatë kryerjes së veprimtarisë të kryejë shitjen e prodhimeve tjera të cilat shërbejnë për prodhimin ose shërbimin e tij.

Kryerësi i veprimtarisë zejtare mundet prodhimet e veta t'i shesë në hapësirat në të cilat e kryen veprimtarinë ose në vendet e përcaktuara për atë dedikim nga Këshilli i komunës ose nga Këshilli i qytetit të Shkupit.

III. REGJISTRI I ZEJTARËVE

Neni 9

Regjistri i zejtarëve është regjistër i vetëm në territorin e Republikës së Maqedonisë.

Занаетчиската комора на Република Македонија и занаетчиската комора се надлежни за одржување на интегритетот на податоците на Занаетчискиот регистар, обезбедување на соодветно ниво на заштита и достапност на податоците, одржување, надгледување и заштита на системот за обработка на податоци, одржување, надгледување и заштита на мрежата за давање на користење на податоци, обезбедување на пристап до податоците во регистарот, дизајнирање и надгледување на перформансите на регистарот и спроведување на стандарди за употреба и безбедност на податоците во регистарот.

Личните податоци од Занаетчискиот регистар се чуваат трајно.

Формата, содржината и начинот на водење на Занаетчискиот регистар го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 10

Уписот во Занаетчискиот регистар го врши регистратор од занаетчиската комора.

Регистраторот го определува управниот одбор на занаетчиската комора на предлог на претседателот на занаетчиската комора.

Во општината каде што не е основана занаетчиска комора уписот во Занаетчискиот регистар го врши најблиската занаетчиската комора согласно со доделеното јавно овластување од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 11

Занаетчиската комора на Република Македонија преку воспоставен веб сервис со Централниот регистар без надоместок презема податоци за упис на основање, промена и бришење на трговец поединец, друштво со ограничена одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, согласно со Законот за Централен регистар, а врз основа на претходно склучен договор меѓу двата субјекти.

Занаетчиската комора на Република Македонија во рок од три работни дена електронски ја известува занаетчиската комора за уписот на вршителот на занаетчиската дејност во трговскиот регистар.

Трговецот поединец, друштвото со ограничено одговорност и друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице кои вршат занаетчиска дејност за кои е потребно соодветно стручно образование се должни во рок од 30 дена од уписот во трговскиот

Oda e Zejtarëve të Republikës së Maqedonisë dhe oda e zejtarëve janë kompetent për mbajtjen e integritetit të të dhënave të Regjistrit të zejtarëve, sigurimi i nivelit adekuat të mbrojtjes dhe qasjes në të dhënat, ruajtja, mbikëqyrja dhe mirëmbajtja e sistemit për përpunimin e të dhënave, ruajtja, mbikëqyrja dhe mirëmbajtja e rrjetit për dhënien në shfrytëzim të të dhënave, sigurimi i qasjes te të dhënat në regjistër, disenjimi i mbikëqyrjes së performansave të regjistrit dhe zbatimi i standardeve për përdorimin dhe sigurinë e të dhënave në regjistër.

Të dhënat personale të Regjistrit të zejtarëve ruhem përgjithmonë.

Formën, përmbajtjen dhe mënyrën e mbajtjes së Regjistrit të zejtarëve e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Neni 10

Regjistrimin në Regjistrin e zejtarëve e kryen regjistruesi i Odës së Zejtarëve.

Regjistruesin e përcakton këshilli drejtues i odës së zejtarëve me propozim të kryetarit të odës së zejtarëve.

Në komunën ku nuk është themeluar oda e zejtarëve regjistrimi në Regjistrin e zejtarëve e kryen oda më afërt e zejtarëve në pajtim me autorizimin e ndarë publik nga ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Neni 11

Oda e Zejtarëve të Republikës së Maqedonisë përmes ueb servisit të vendosur me Regjistrin qendror pa kompensim ndërmerr të dhëna për regjistrim për themelimin, ndryshimin dhe shlyerjen e tregtarit individ, shoqatës me përgjegjësi të kufizuar dhe shoqatës me përgjegjësi të kufizuar e themeluar nga një person, në pajtim me Ligjin për Regjistrin Qendror, dhe në bazë të marrëveshjes së lidhur paraprakisht ndërmjet dy subjekteve.

Oda e Zejtarëve të Republikës së Maqedonisë në afat prej tri ditë pune në mënyrë elektronike e njofton odën e zejtarëve për regjistrimin e kryerësit të veprimtarisë zejtare në regjistrin tregtar.

Tregtari individ shoqëria me përgjegjësi të kufizuar dhe shoqëria me përgjegjësi të kufizuar e themeluar nga një person të cilët kryejnë veprimtari të zejtarisë për të cilët nevojitet arsim adekuat profesional janë të obliguar në afat prej 30 ditësh nga regjistrimi në regjistrin qendror të

регистар да поднесат барање до занаетчиската комора за добивање на занаетчиска дозвола која се запишува во Занаетчискиот регистар.

Статусот на вршител на занаетчиска дејност, трговецот поединец, друштвото со ограничено одговорност и друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице за занаетчиските дејности за која не е потребно соодветно стручно оспособување или стручно образование, го стекнува со упис во трговскиот регистар.

Упис во Занаетчискиот регистар

Член 12

За вршење на занаетчиска дејност, невработено физичко лице поднесува писмено барање до занаетчиската комора за упис во Занаетчиски регистар, во местото каде што се наоѓаат просториите каде што се врши занаетчиската дејност. Доколку во местото каде што се наоѓаат просториите каде што се врши занаетчиската дејност не е формирана занаетчиската комора невработено физичко лице поднесува писмено барање до најблиската занаетчиската комора од местото каде се наоѓаат просториите каде што се врши занаетчиската дејност.

Ако занаетчиската дејност се врши без простории, барањето за упис во Занаетчискиот регистар се поднесува во занаетчиската комора која го покрива подрачјето на живеење на невработеното физичко лице кој бара упис во Занаетчиски регистар. Доколку во местото на живеење на невработеното физичко лице не е формирана занаетчиската комора барањето за упис се поднесува до најблиската занаетчиската комора на местото на живеење на невработеното лице.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува на два идентични обрасци, со еден прилог на докази.

Со барањето од ставот 1 на овој член, физичкото лице доставува:

- потврда од Агенцијата за вработување на Република Македонија дека е невработено,
- доказ за исполнување на еден од условите од членот 35 став 1 од овој закон и
- доказ за платен надоместок за извршена услуга од јавните овластувања.

За издавање на решение за упис и занаетчиска дозвола се плаќа надоместок.

Занаетчиската комора во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето издава

parashtrojnë kërkesë te oda e zejtarëve për marrjen e lejes së zejtarit e cila regjistrohet në Regjistrin e zejtarëve.

Statusin e kryerësit të veprimtarisë zejtare, tregtari individ, shoqata me përgjegjësi të kufizuar dhe shoqata me përgjegjësi të kufizuar nga një person për veprimtaritë e zejtarisë për të cilat nuk nevojitet aftësim profesional adekuat ose arsim profesional, e fiton me regjistrim në regjistrin tregtar.

Regjistrimi në Regjistrin e zejtarëve

Neni 12

Për kryerjen e veprimtarisë zejtare, personi i papunësuar fizik parashtron kërkesë me shkrim te Oda e Zejtarëve për regjistrim në Regjistrin e zejtarëve, në vendin ku gjenden hapësirat ku kryhet veprimtaria zejtare. Nëse në vendin ku gjenden hapësirat ku kryhet veprimtaria zejtare nuk është formuar oda e zejtarëve personi i papunësuar fizik parashtron kërkesë me shkrim te oda më e afërt e zejtarisë nga vendi ku gjenden hapësirat ku kryhet veprimtaria zejtare.

Nëse veprimtaria zejtare kryhet pa hapësira, kërkesa për regjistrim në Regjistrin e zejtarëve parashtrohet në odën e zejtarëve që e përfshin rajonin e jetesës së personit të papunësuar fizik i cili kërkon regjistrim në Regjistrin e zejtarëve. Nëse në vendin e jetesës së personit të papunësuar fizik nuk është formuar odë e zejtarëve për regjistrim parashtrohet te oda më afërt e zejtarëve në vendin e personit të papunësuar.

Kërkesa nga paragrafi 1 i këtij neni parashtrohet në dy formularë identikë, me një shtojcë të dëshmive.

Me kërkesën nga paragrafi 1 i këtij neni, personi fizik dorëzon:

- vërtetim nga Agjencia për Punësim e Republikës së Maqedonisë se është i papunësuar,
- dëshmi për plotësimin e njërit nga kushtet nga neni 35 paragrafi 1 i këtij ligji dhe
- dëshmi për kompensim të paguar për shërbimin e kryer nga autorizimet publike.

Për lëshimin e aktvendimit për regjistrim dhe leje të zejtarit paguhet kompensim.

Oda e Zejtarëve në afat prej pesë ditë pune nga dita e parashtrimit të kërkesës lëshon aktvendim për regjistrim në Regjistrin e zejtarëve dhe leje të zejtarit.

решение за упис во занаетчиски регистар и занаетчиска дозвола.

Доколку физичкото лице кон барањето за упис во занаетчиски регистар приложи докази кои не се издадени од надлежни институции, занаетчиската комора ќе донесе решение со кое се одбива барањето за упис во занаетчиски регистар.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за упис и занаетчиската дозвола ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Против решението од ставот 7 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Nëse personi fizik kërkesës për regjistrim në Regjistrin e zejtarëve ia bashkëngjit dëshmitë të cilat nuk janë lëshuar nga institucione kompetente, oda e zejtarëve do të miratojë aktvendim me të cilin refuzohet kërkesa për regjistrim në Regjistrin e zejtarëve.

Formën dhe përmbajtjen e kërkesës nga paragrafi 1 i këtij neni e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Formën dhe përmbajtjen e vendimit për regjistrimin e lejes për zejtar i përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Formën dhe përmbajtjen e aktvendimit për refuzimin e kërkesës për regjistrim në Regjistrin e zejtarëve e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Kundër aktvendimit nga paragrafi 7 i këtij neni mund të paraqitet ankesë në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit te ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Член 13

Со денот на уписот во Занаетчискиот регистар, физичкото лице се стекнува со својство на занаетчија.

По еден примерок од решението за упис во Занаетчискиот регистар се доставува до Централниот регистар.

Neni 13

Me ditën e regjistrimit në Regjistrin e zejtarëve, personi fizik fiton cilësinë e zejtarit.

Nga një ekzemplar nga aktvendimi për regjistrim në Regjistrin e zejtarëve dorëzohet te Regjistri Qendror.

Член 14

Занаетчискиот регистар се води како едношалтерски систем од страна на Занаетчиската комора на Република Македонија при што занаетчиската комора во нејзино име ги запишува податоците за вршителите на занаетчиска дејност.

Neni 14

Regjistri i zejtarëve mbahet si sistem njësportel nga ana e Odës së Zejtarëve të Republikës së Maqedonisë me çka oda e zejtarëve në emër të tyre i regjistron të dhënat për kryerjen e veprimtarisë zejtare.

Член 15

Преку едношалтерскиот систем се овозможува:

- обезбедување на податоци кои се задолжителни за упис на занаетчијата во Занаетчискиот регистар и
- обединување на сите правно релевантни податоци во едно решение за остварување на правата на занаетчијата.

Neni 15

Përmes sistemit njësportel mundësohet:

- sigurimi i të dhënave të cilat janë të obligueshme për regjistrimin e zejtarit në Regjistrin e zejtarëve dhe
- bashkimi i të gjithë të dhënave relevante juridike në një aktvendim për realizimin e të drejtave të zejtarit.

Член 16

Преку едношалтерски систем се врши:

- доставување на решение од основното регистрациско тело до Централниот регистар и поднесување пријава за упис во Централниот регистар,
- изготвување и достава на документи за пријава и одјава во Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија и
- изготвување и доставување на документи до надлежните органи согласно со закон.
- Преку едношалтерскиот систем може да са вршат и следниве услуги:
- изготвување и доставување на документи за жиро сметка во банка по избор на занаетчијата,
- изготвување на печат по избор на занаетчијата,
- изготвување и доставување на барање во Управата за јавни приходи, за издавање на решение за ослободување од персонален данок за воведување и користење на одобрен систем за регистрирање на готовиснките плаќања согласно одредбите од Законот за персонален данок на доход по избор на занаетчијата и
- изготвување и доставување на барање за паушално одданочување во Управата за јавни приходи по избор на занаетчијата.

Neni 16

Përmes sistemit njësportel kryhet:

- dorëzimi i aktvendimit nga trupi themelor regjistrues te Regjistri Qendror dhe parashtrimi i fletëparaqitjes për regjistrim në Regjistrin Qendror,
- përgatitja dhe dorëzimi i dokumenteve për lajmërim dhe çlajmërim nga Agjencia për Punësim e Republikës së Maqedonisë, Fondi për Sigurim Pensional dhe Invalidor i Maqedonisë dhe Fondi për Sigurim Shëndetësor i Maqedonisë dhe
- përgatitja dhe dorëzimi i dokumenteve te organet kompetente në pajtim me ligjin.
- Përmes sistemit njësportel mund të kryhen edhe shërbimet në vijim:
- përgatitja dhe dorëzimi i dokumenteve për xhiro llogari në bankë sipas zgjedhjes së zejtarit,
- përgatitja e vulës sipas zgjedhjes së zejtaritm
- përgatitja dhe dorëzimi i kërkesës te Drejtoria për të hyra publike, për lëshimin e aktvendimit për lirim nga tatimi personal për futjen dhe shfrytëzimin e sistemit të miratuar për regjistrimin e pagesave me para në dorë në pajtim me dispozitat e Ligjit për tatim personal mbi të ardhura sipas zgjedhjes së zejtarit dhe
- përgatitja dhe dorëzimi i kërkesës për tatimim paushall në Drejtorinë për të Hyra Publike sipas zgjedhjes së zejtarit.

Фирма

Firma

Член 17

Занаетчијата кој занаетчиската дејност ја врши во простории, мора да има фирма истакната на видно место.

Прописите што се однесуваат за фирмата на трговските друштва соодветно се применуваат и на занаетчиите.

Занаетчијата кој за вршење на занаетчиската дејност не мора да има простории за работа, не треба да има истакнато фирма.

Neni 17

Zejtari i cili veprimtarinë e zejtarisë e kryen në hapësira, doemos duhet të ketë firmë të vendosur në vend të dukshëm.

Rregullat që kanë të bëjnë me firmën e shoqërive tregtare në mënyrë adekuate zbatohen edhe për zejtarët.

Zejtari i cili për kryerjen e veprimtarisë zejtare nuk e ka patjetër të ketë hapësira pune, nuk duhet të ketë firmë të vendosur.

Член 18

Занаетчијата во своето работење мора да ја употребува фирмата под која ја врши занаетчиската дејност, како што е запишано во Занаетчиски регистар.

Занаетчијата може да употребува и скратена ознака на фирмата под која ја врши занаетчиската

Neni 18

Zejtari në punën e vet duhet të përdorë firmë me të cilën e kryen veprimtarinë zejtare, siç është regjistruar në Regjistrin e zejtarëve.

Zejtari mundet të përdorë edhe shenjë të shkurtër të firmës me të cilën e kryen veprimtarinë zejtare e cila duhet

дејност, која мора да се разликува од другите скратени ознаки на занаетчиите запишани во Занаетчиски регистар.

Скратената ознака на фирмата се запишува во Занаетчискиот регистар.

Упис на промена

Член 19

Занаетчијата е должен за секоја промена на дејноста, дополнување на дејноста и промена на адресата на седиштето да поднесе барање за упис на промена во Занаетчискиот регистар.

Занаетчиската комора во рок од пет работни дена издава решение за упис на промена.

Формата и содржината на барањето за упис на промена во Занаетчискиот регистар го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за упис на промена во Занаетчискиот регистар го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Седиште

Член 20

Занаетчијата може да ја врши дејноста во една или во повеќе простории, а за седиште на занаетчијата ќе биде она просторија која е запишана во Централниот регистар.

Ако за вршење на дејноста не се потребни простории, како седиште се смета местото во кое занаетчијата има живеалиште.

Вршителот на занаетчиската дејност не може да ја врши дејноста надвор од просториите за работа за оние занаетчиски дејности кои задолжително се вршат во простории.

Вршителот на занаетчиската дејност може занаетчиската дејност или одделни работи од таа дејност да ги вршат надвор од просториите, како и надвор од своето седиште во зависност од видот и начинот на вршењето на занаетчиската дејност или ако така е договорено со нарачателот на услугата.

Занаетчиските дејности кои треба задолжително да се вршат во простории ќе ги определи министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

të dallohet nga shenjat të shkurtuara të zejtarëve të regjistruar në Regjistrin e zejtarëve.

Shenja e shkurtër e firmës regjistrohet në Regjistrin e zejtarëve.

Regjistrimi i ndryshimit

Neni 19

Zejtari është i obliguar për çdo ndryshim të veprimtarisë, plotësimit të veprimtarisë dhe ndryshim të adresës së selisë të parashtrojë kërkesë për regjistrimin e ndryshimit në Regjistrin e zejtarëve.

Oda e Zejtarëve në afat prej pesë ditë pune lëshon aktvendim për regjistrim të ndryshimit.

Formën dhe përmbajtjen e kërkesës për regjistrimin e ndryshimit në Regjistrin e zejtarëve e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Formën dhe përmbajtjen e aktvendimit për regjistrimin e ndryshimit në Regjistrin e zejtarëve e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Selia

Neni 20

Zejtari mund ta kryejnë veprimtarinë në një ose më shumë hapësira kurse për seli të zejtarit do të jetë ajo hapësirë e cila është regjistruar në Regjistrin Qendror.

Nëse për kryerjen e veprimtarisë nuk janë të nevojshme, nëse selia vendoset vendi ku zejtari ka vendbanim.

Kryerësi i veprimtarisë zejtare nuk mund ta kryejë veprimtarinë jashtë nga hapësirat për punë për këto veprimtari zejtare të cilat detyrimisht kryhen në hapësira.

Kryerësi i veprimtarisë zejtare mund veprimtarinë zejtare ose punë të caktuara nga ajo veprimtari t'i kryejë jashtë nga hapësirat, si dhe jashtë nga selia e vet në varshmëri nga lloji dhe mënyra e kryerjes së shërbimeve të veprimtarisë zejtare ose nëse ashtu është marrë vesh me porositësin e shërbimit.

Veprimtaritë zejtare të cilat detyrimisht duhet të kryen në hapësira do t'i përcaktojë ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore për punë nga sfera e zejtarisë.

Член 21

Вршителот на занаетчиската дејност е должен да обезбеди просториите во кои ја врши дејноста да ги исполнуваат пропишаните минимално технички услови.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството ги пропишува минималните технички услови од ставот 1 на овој член.

Член 22

Вршителот на занаетчиска дејност е должен исполнувањето на условите од членот 21 став 1 од овој закон да го пријави во Државниот пазарен инспекторат, на денот на започнување со вршење на дејноста, на образец чија форма и содржина го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Начин на вршење на дејност

Член 23

Вршителот на занаетчиска дејност може да ги врши само занаетчиските дејности што се наведени во решението за упис во надлежниот регистар и занаетчиската дозвола.

Член 24

Вршителот на занаетчиска дејност доколку тоа не е определено со друг пропис е должен:

1) на видно место да истакне ценовник на своите производи, односно услуги;
2) на видно место да го истакне своето работно време и да се придржува до него и
3) да поседува соодветна документација за набавените стоки и материјали и за продадените стоки, односно услуги.

Привремено запирање

Член 25

Занаетчијата може привремено да запре со вршењето на дејноста во случај на:

1) болест, додека трае неспособноста за работа;
2) адаптација и реконструкција на просториите за работа до три месеци, еднаш во годината;
3) бременост, раѓање и родителство;

Neni 21

Kryerësi i veprimtarisë zejtare është i obliguar të sigurojë që hapësirat në të cilat e kryen veprimtarinë t'i plotësojë kushtet minimale të përcaktuara teknike.

Ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e zejtarisë i përcakton kushtet teknike minimale nga paragrafi 1 të këtij neni.

Neni 22

Kryerësi i veprimtarisë zejtare është i obliguar që plotësimin e kushteve nga neni 21 paragrafi 1 të këtij ligji ta paraqesë te Inspektorati Shtetëror i Tregut, në ditën e fillimit me kryerjen e veprimtarisë, në formular formën dhe përmbajtjen e të cilit e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Mënyra e kryerjes së veprimtarisë

Neni 23

Kryerësi i veprimtarisë zejtare mund të kryejë vetëm veprimtari zejtarie që janë theksuar në aktvendimin për regjistrim në regjistrin kompetent dhe lejen për zejtar.

Neni 24

Kryerësi i veprimtarisë zejtare nëse kjo nuk është përcaktuar me rregull tjetër është i obliguar:

1) në vend të dukshëm të vendosë listë të çmimeve të prodhimeve, respektivisht shërbimeve të veta;
2) në vend të dukshëm ta vendosë kohën e vet të punës dhe t’i përmbahet asaj dhe
3) të posedojë dokumentacion përkatës për mallrat e blera dhe materialet dhe për mallrat e shitura respektivisht shërbimet.

Ndalimi i përkohshëm

Neni 25

Zejtari mund përkohësisht mund ta ndalojë kryerjen e veprimtarisë në rast të:

1) sëmundjes derisa zgjat paaftësia për punë;
2) adaptimit dhe rikonstruktimit të hapësirës për punë deri në tre muaj, një herë në vit;
3) shtatzënisë, lindjes dhe prindërisë;

4) притвор, издржување на казна затвор до шест месеци, изречена казна забрана за вршење на дејност до шест месеци и
5) намален обем на работа до три месеци, два пати годишно.

Во случај кога запирање на дејноста трае помалку од 30 дена, не се смета како привремено запирање.

Привременото запирање по сите основи не може да биде подолго од шест месеци во текот на годината со исклучок на точка 3 од ставот 1 на овој член каде траењето на привременото запирање на вршењето на занаетчиска дејност се утврдува согласно со прописите од областа на работните односи.

Занаетчијата е должен во рок од осум дена од денот на настанувањето на случаите од ставот 1 на овој член да го пријави привременото запирање на вршење на дејноста во занаетчиската комора.

Член 26

Занаетчиската комора која го извршила уписот во Занаетчискиот регистар, на барање на занаетчијата во рок од пет работни дена издава решение за привремено запирање на дејноста, од кое еден примерок доставува до Централниот регистар.

Формата и содржината на барањето за привремено запирање го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за привремено запирање на вршење на дејноста го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Занаетчијата е должен, доколку занаетчиската дејност ја врши во простории, на видно место да го истакне периодот на привременото запирање на вршење на дејност.

Член 27

Ако занаетчијата започне со вршење на дејност пред определеното време утврдено со решението за привремено запирање, е должен да го пријави продолжувањето на вршењето на дејноста во занаетчиската комора во рок од три дена од

4) paraburgimit, vuajtjes së dënimit me burg deri në gjashtë muaj, dënimit të shqiptuar ndalesë për kryerjen e veprimtarisë deri në gjashtë muaj dhe
5) vëllimit të zvogëluar të punës deri në tre muaj, dy herë në vit.

Në rast kur ndalimi i veprimtarisë zgjat më pak se 30 ditë, nuk llogaritet si ndalim i përkohshëm.

Ndalimi i përkohshëm sipas të gjitha bazave nuk mund të jetë më i gjatë se gjashtë muaj gjatë vitit me përjashtim të pikës 3 nga paragrafi 1 të këtij neni ku kohëzgjatja e ndalimit të përkohshëm të kryerjes së veprimtarisë zejtare përcaktohet në pajtim me dispozitat nga sfera e marrëdhënieve të punës.

Zejtari është i obliguar në afat prej tetë ditësh nga dita e ndodhjes së rasteve nga paragrafi 1 të këtij neni ta paraqesë ndalimin e përkohshëm të kryerjes së veprimtarisë në odën e zejtarëve.

Neni 26

Oda e zejtarëve e cila e ka kryer regjistrimin në Regjistrin e Zejtarëve, me kërkesë të zejtarit në afat prej pesë ditë pune lëshon aktvendim për ndalim të përkohshëm të veprimtarisë, nga i cili një ekzemplar dorëzon te Regjistri Qendror.

Formën dhe përmbajtjen e kërkesës së ndalimit të përkohshëm e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Formën dhe përmbajtjen e aktvendimit për ndalim të përkohshëm të veprimtarisë e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Kundër aktvendimit nga paragrafi 1 të këtij neni mund të parashtrohet ankesë në afat prej 15 ditëve nga dita pranimit të aktvendimit te ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Zejtari është i obliguar, nëse veprimtarinë zejtare e kryen në hapësira, në vend të dukshëm ta vendosë periudhën e ndalimit të përkohshëm të kryerjes së veprimtarisë.

Neni 27

Nëse zejtari fillon me kryerjen e veprimtarisë para kohës së përcaktuar me aktvendimin për ndalim të përkohshëm, është i obliguar ta paraqesë vazhdimin e kryerjes së veprimtarisë në odën e zejtarëve në afat prej tri ditësh nga ndërprerja e arsyes për të cilën ka ndodhur n ndalimi i përkohshëm për kryerjen e veprimtarisë.

престанокот на причината поради која настанало привременото запирање на вршењето на дејноста.

Занаетчиската комора во рок од пет работни дена од денот на добивањето на пријавата од ставот 1 на овој член го известува Централниот регистар за продолжувањето на вршењето на дејноста.

Престанок на дејност

Член 28

Занаетчијата престанува да врши дејност и се брише од Занаетчиски регистар:

1) со одјавување,
2) по сила на закон и
3) во случај на смрт.

Член 29

За одјавување на дејноста на занаетчијата со одјавување, занаетчиската комора во рок од пет работни дена донесува решение за одјавување на дејноста врз основа на писмено барање на занаетчијата.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен од областа на занаетчиството.

По еден примерок од решението од ставот 1 на овој член се доставува до Централниот регистар. Како ден на престанување на вршење на дејноста се смета денот на поднесување на барањето.

Решението од ставот 1 на овој член занаетчиската комора го запишува во Занаетчискиот регистар од денот на поднесувањето на барањето за одјавување на дејноста.

Формата и содржината на барањето за одјавување на дејноста го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за одјавување на дејноста го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 30

Занаетчијата престанува да ја врши дејноста по сила на закон во следниве случаи:

1) ако се пензионира;

Oda e zejtarëve në afat prej pesë ditë pune nga dita e marrjes së fletëparaqitjes nga paragrafi 1 të këtij neni e njofton Regjistrin Qendror për vazhdimin e kryerjes së veprimtarisë.

Ndërprerja e veprimtarisë

Neni 28

Zejtari pushon ta kryejë veprimtarinë dhe shlyhet nga Regjistri i zejtarëve:

1) me çlajmërim,
2) me fuqi të ligjit dhe
3) në rast të vdekjes.

Neni 29

Për çlajmërim të veprimtarisë Së zejtarit me çlajmërim, Oda e Zejtarëve në afat prej pesë ditë pune miraton aktvendim për çlajmërim në bazë të kërkesës me shkrim të zejtarit.

Kundër aktvendimit nga paragrafi 1 të këtij neni mund të parashtrohet ankesë në afat prej 15 ditëve nga dita e pranimit te ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Nga një ekzemplar nga aktvendimi i paragrafit 1 të këtij neni dorëzohet deri te Regjistri Qendror. Si ditë e ndërprerjes së kryerjes së veprimtarisë llogaritet dita e parashtrimit të kërkesës.

Aktvendimin nga paragrafi 1 i këtij neni Oda e Zejtarëve e regjistron në Regjistrin e zejtarëve nga dita e parashtrimit të kërkesës për çlajmërim të veprimtarisë.

Formën dhe përmbajtjen e kërkesës për çlajmërim të veprimtarisë e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Formën dhe përmbajtjen e aktvendimit për çlajmërim të veprimtarisë e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Neni 30

Zejtari pushon ta kryejë veprimtarinë me fuqi të ligjit në rastet në vijim:

1) nëse pensionohet;

2) ако е на издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци и
3) со правосилна судска одлука или правосилно решение му биде изречена мерка за безбедност забрането вршење на дејноста подолго од шест месеци.

За престанок на дејноста по сила на закон, занаетчиската комора донесува решение за бришење во Занаетчискиот регистар со денот на исполнување на условот од ставот 1 на овој член.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот преку занаетчиската комора до министерот кој ракоди со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Решението од ставот 2 на овој член занаетчиската комора го запишува во Занаетчиски регистар.

По еден примерок од решението од ставот 1 на овој член се доставува до Централниот регистар. Како ден на престанување на вршење на дејноста се смета денот на поднесување на барањето.

Член 31

Занаетчијата може да го пренесе вршењето на дејноста на член од своето потесно семејство, како и на трето лице со преземање на сите права и обврски, за што поднесува барање до занаетчиската комора.

Членот на потесното семејство, односно третото лице е должен во рок од 30 дена од денот на уписот во Занаетчискиот регистар да достави докази согласно со членот 35 став 1 од овој закон.

Доколку доказите од членот 35 став 1 од овој закон не се приложат во утврдениот рок од ставот 2 на овој член, занаетчиската комора донесува решение за бришење на уписот во Занаетчискиот регистар.

Против решението за бришење од Занаетчискиот регистар може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот преку занаетчиската комора до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 32

Во случај на смрт на занаетчијата, дејноста со исклучок на занаетчиските дејности кои се однесуваат на производство на прехранбени производи и пијалаци, како и на производи за здравје и нега на тело, може да продолжи да ја врши брачниот другар или наследникот од прв наследен ред најдолго до една година.

2) nëse është në vuajtje të dënimit me burg në kohëzgjatje më gjatë se gjashtë muaj dhe
3) me vendim të plotfuqishëm gjyqësor ose aktvendim të plotfuqishëm i shqiptohet masë për siguri ndalim për kryerjen e veprimtarisë më gjatë se gjashtë muaj.

Për ndërprerje të veprimtarisë me fuqi të ligjit, Oda e Zejtarëve miraton aktvendim për shlyerje në Regjistrin e zejtarëve me ditën e plotësimit të kushtit nga paragrafi 1 të këtij neni.

Kundër aktvendimit nga paragrafi 2 të këtij neni mund të parashtrohet ankesë në afat prej 15 ditëve nga dita pranimit të vendimi përmes Odës së Zejtarëve deri te ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Aktvendimin nga paragrafi 2 të këtij neni Oda e Zejtarëve e regjistron në Regjistrin e zejtarëve.

Nga një ekzemplar nga aktvendimi i paragrafit 1 të këtij neni dorëzohet te Regjistri Qendror. Si ditë e ndërprerjes së kryerjes së veprimtarisë llogaritet dita e parashtrimit të kërkesës.

Neni 31

Zejtari mund t'ia bartë kryerjen e veprimtarisë anëtarit të familjes së tij më të ngushtë, si dhe personave të tretë me marrjen e të gjitha të drejtave dhe obligimeve, për çka parashtron kërkesë te oda e zejtarëve.

Anëtari i familjes më të ngushtë respektivisht personi i tretë është i obliguar në afat prej 30 ditëve nga dita e regjistrimit në Regjistrin e zejtarëve të dorëzojë prova në pajtim me nenin 35 paragrafi 1 të këtij ligji.

Nëse provat nga neni 35 paragrafi 1 të këtij ligji nuk dorëzohen në afatin e përcaktuar nga paragrafi 2 të këtij neni, oda e zejtarëve miraton aktvendim për shlyerjen e regjistrimit në Regjistrin e Zejtarit.

Kundër aktvendimit për shlyerje nga Regjistri i Zejtarëve mund të parashtrohet ankesë në afat prej 15 ditëve nga dita pranimit të vendimi përmes odës së zejtarëve te ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Neni 32

Në rast të vdekjes së zejtarit, veprimtarinë me përjashtim të veprimtarive zejtare, të cilat kanë të bëjnë me prodhimin e prodhimeve ushqimore dhe pijeve, si dhe prodhimeve për shëndet dhe kurim të trupit, mund të vazhdojë ta kryejë bashkëshorti ose trashëgimtari nga rendi i parë i trashëgimisë më së gjati deri një vit.

Брачниот другар или наследникот од прв наследен ред во рок од 30 дена од денот на смртта на занаетчијата поднесува барање до занаетчиската комора за добивање на решение за времено вршење на занаетчиската дејност, за периодот утврден во ставот 1 на овој член.

Занаетчиската комора во рок од пет работни дена издава решение за времено вршење на занаетчиска дејност.

Против решението од ставот 3 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен од областа на занаетчиството.

Доколку занаетчиската комора донесе решение со кое се пренесува вршењето на дејноста на член од потесното семејство на занаетчијата, како и на трето лице со преземање на сите права и обврски, примерок од истото се доставува до Централниот регистар.

Формата и содржината на барањето за издавање на решение за времено вршење на занаетчиска дејност го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за времено вршење на занаетчиска дејност го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Bashkëshorti ose trashëgimtari nga rendi i parë i trashëgimisë në afat prej 30 ditëve nga dita e vdekjes së zejtarit parashtron kërkesë deri te Oda e Zejtarëve për marrjen e aktvendimit për kryerjen e përkohshme të veprimtarisë zejtare, për periudhën e përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni.

Oda e Zejtarëve në afat prej pesë ditë pune lëshon aktvendim për kryerje të përkohshme të veprimtarisë së zejtarit.

Kundër aktvendimit nga paragrafi 3 të këtij neni mund të parashtrohet ankesë në afat prej 15 ditëve nga dita pranimit te ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Nëse Oda e Zejtarëve miraton aktvendim me të cilën bartet kryerja e veprimtarisë anëtarit nga familja më e ngushtë e zejtarit, si dhe personit të tretë me marrjen e të gjitha të drejtave dhe obligimeve, ekzemplar nga i njëjti dorëzohet te Regjistri Qendror.

Formën dhe përmbajtjen e kërkesës për lëshimin e aktvendimit për kryerje të përkohshme të veprimtarisë e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Formën dhe përmbajtjen e aktvendimit për kryerje të përkohshme të veprimtarisë e përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga sfera e zejtarisë.

Член 33

Занаетчиската комора ќе го огласи решението за времено вршење на занаетчиската дејност за ништовно ако дополнително утврди дека занаетчијата го добил решението за упис во Занаетчискиот регистар врз основа на лажни докази и ќе го брише од Занаетчискиот регистар.

Neni 33

Oda e Zejtarëve do ta shpallë aktvendimin për kryerjen e përkohshme të veprimtarisë së zejtarit si të pavlefshëm nëse në mënyrë plotësuese konstaton se zejtari e ka marrë aktvendimin për regjistrim në regjistrin e zejtarëve në bazë të provave të rrejshme dhe do ta shlyejë nga Regjistri i zejtarëve.

Член 34

Министерството надлежно за работите од областа на занаетчиството во соработка со Занаетчиската комора на Република Македонија изготвува Листа на занаети кои се во изумирање врз осова на следниве критериуми:

- традиционални занаетчиски дејности автентични за поднебјето на Република Македонија,
- традиционални занаетчиски дејности за кои се намалува интересот за регистрација во

Neni 34

Ministria kompetente për punët nga sfera e zejtarisë në bashkëpunim dhe Odën e Zejtarëve të Republikës së Maqedonisë përgatit Listë të zejeve të cilat janë në zhdukje në bazë të kritereve në vijim:

- veprimtari zejtare tradicionale autentike për nënqiellin e Republikës së Maqedonisë,
- veprimtaria zejtare tradicionale për të cilat zvogëlohet interesi për regjistrim në dhjetë vitet e

последните десет години т.е. со најмал процент за регенерирање и
- занатечиски дејности кои остваруваат мал приход во континуитет.

Листата на занаети во измумирање се објавува на веб страницата на Министерството надлежна за работите од областа на занаетчиството и на веб страницата на Занаетчиската комора на Република Македонија.

IV. ЗАНАЕТЧИСКА ДОЗВОЛА

Услови за издавање на занаетчиска дозвола

Член 35

Занаетчијата се стекнува со занаетчиска дозвола, доколку ги исполнува еден од следниве услови:

- средно стручно образование од соодветна насока (тригодишно и четиригодишно образование),
- соодветна квалификација,
- стручно оспособување (едногодишно и двегодишно образование);
- мајсторски испит,
- соодветно работно искуство со минимум основно образование ако пет години вршело дејност од листата на занаетчиски дејности како сопственик или вработен кај вршителот на занаетчиската дејност во соодветна дејност,
- соодветно работно искуство со минимум средно образование ако три години вршело дејност од листата на занаетчиски дејности како сопственик или вработен кај вршителот на занаетчиската дејност во соодветна дејност и
- соодветно работно искуство со минимум вишо или високо образование ако една година вршело дејност од листата на занаетчиски дејности како сопственик или вработен кај вршителот на занаетчиската дејност во соодветна дејност.

Занаетчијата од ставот 1 алинеја 5, 6 и 7 на овој член за добивање на занаетчиска дозвола полага испит за проверка на знаењето во занаетчиската комора според програма донесена од Занаетчиската комора на Република Македонија.

Испитот од ставот 3 на овој член го спроведува Комисија формирана од страна на занаетчиската комора, во состав од еден член од занаетчиска комора

fundit përkatësisht me përqindje më të vogël për rigjenerim dhe
- veprimtari zejtare të cilat realizojnë të hyra të vogla në vazhdimësi.

Lista e zejeve në zhdukje publikohet në ueb faqen e Ministrisë kompetente nga sfera e zejtarisë dhe në ueb faqen e Odës së Zejtarëve të Republikës së Maqedonisë.

IV. LEJA PËR ZEJTAR

Kushte për lëshimin e lejes për zejtar

Neni 35

Zejtari merr me leje për zejtar nëse i plotëson një nga këto kushte:

- arsim i mesëm profesional nga drejtimi adekuat (arsim trevjeçar dhe katërvjeçar),
- kualifikim adekuat,
- aftësim profesional (arsim njëvjeçar dhe dyvjeçar),
